The Institute of Internal Auditors North Macedonia

# ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Наслов:** | Собрание на Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија |
| **Датум и време:** | 21.12.2023 година, 15 ч. |
| **Претседавач со собранието:** | Билјана Секуловска |
| **Достава и пристап до записникот:** | До сите членови на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија објавено на веб сајтот |
| **Доставени материјали:** | Материјалите беа доставени на веб сајтот на ЗВРРСМ www.aiam.org.mk |
| **Присутни членови:** | 7 членови |
| **Записничар** | Билјана Чочовска |

На ден 21.12.2023 година во 15ч се одржа Собрание на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија во просториите на Економскиот факултет во Скопје.

Бидејќи кворумот за работа на Собранието се обезбедува со присуство на 50% плус еден член од вкупниот број на членови, а на ова Собрание бројот на членови беше под 50%, седницата се одложи половина час, онака како што е пропишано во Статутот и потоа започна на истото место и со истиот Дневен ред.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, Записничар беше Билјана Чочовска.

На седницата присуствуваа 12 членови на ЗВРРСМ кои едногласно го прифатија предложениот Дневен ред.

Следните точки, во рамките на Дневниот ред беа предмет на дискусија на Годишното Собрание на ЗВРРСМ:

1. Усвојување на Записникот од претходното Собрание
2. Усвојување на предлог измени на Статутот на ЗВРСМ

3. Предлог – одлука за зголемување на висината на членарината во ЗВРСМ
4. Извештај за работењето на ЗВВРСМ за 2023 година
5. Предлог буџет (финансиски план) за 2024 година
6. Тригодишен план на активности на ЗВРСМ за период 2024-2026

Дискусии по точките на дневниот ред:

**1.Усвојување на записникот од претходната седница на Собранието**
Записникот од претходната седница на Собранието беше ставен за усвојување. Записникот беше едногласно усвоен од сите присутни членови на Собранието.

**2. Усвојување на предлог измени на Статутот на ЗВРСМ**

Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, детално ги образложи предлог измените во Статутот на ЗВРСМ и информираше дека измените се повеќе во насока на појаснување на одредени одредби и генерално дискусиите се однесуваа на следните точки:

- Корекција на името на државата - Република Северна Македонија кадешто е применливо;

*Членство на Здружението член 8:*

- дополнето е дека членови се сметаат оние со платена членарина;
- Во однос на членството додадена е категорија за придружни членови и пензионирани членови;
- Во однос на категоријата за студенти – очекуваме инфо од IIA Global дали може да се обезбеди бесплатно членство за студенти;

*Собрание – Член 15:*

- Годишна Сметка – Предлог измената е во насока во текот на годината да има минимум 2 Собранија во мај и декември за усвојување на Годишната сметка и финансиките извештаи;
- Појаснување за свикување на вонредна седница на Собрание;
- Да се регулира како можност одржување и на on-line седници на Собрание;

*Управен Одбор – Член 16:*

- Членови на УО – Иако е пропишано дека може максимум 9 члена, предлог е УО да може да донесе одлука за непополнување или пополнување на максималниот број;
- Предлог измените на Статутот ги носи УО но предлог измена е да може секој член на Здружението да предложи измени;
- Во однос на број на седници УО – предлог е одржување на минимален број на 4 седници во текот на годината;

*Управен одбор - Член 17 и 18*

- Предлози за носење и оспорување на одлуки на УО;

*Управен одбор - Член 20*

- Регулирање на должности и активности на Претседателот како застапник на Здружението;

*Комисии – Член 21*

- Комисиите се формираат зависно од потребите на Здружението;

*Извори на средства на Здружението – Член 24:*
- Предлог измената е во насока на дефинирање краен рок за плаќање на членарината на членовите да биде 28ми февруари во тековната година.

Предложените измени во Статутот беа едногласно изгласани и усвоени од членовите на Собранието.

**3. Предлог – одлука за зголемување на висината на членарината во ЗВРСМ**

Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, детално го образложи предлогот за зголемување на висината на членарината. Моментално износот на членарината е 2500 денари, а за над 5 члена, членарината е 2350 денари. Поради зголемените трошоци за квалитетни предавачи, зголемени трошоци за пат, сместување и сл. како и во споредба со праксата од регионот предлогот за новиот износ на членарината е да биде 3.500 денари, а за над 5 члена да изнесува 3.400 денари.

Предлог одлуката за зголемување на членарината беше едногласно изгласана и усвоена.

**4. Извештај за работењето на ЗВРРСМ за 2023 година**
Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, детално го образложи Извештајот за работењето на ЗВРРСМ за периодот 2023 година. Подетално беа образложени и дискутирани следните точки од Извештајот:

- Образложени беа измените во членството на УО во насока на резиборот на Горан Дамевски како член и Заменик престедател на Здружението и оставката на Пане Илиев на 17 септември 2023. Со тоа моментално УО брои и се состои од 8 члена и тоа: Членови на Управниот Одбор се следниве лица: Билјана Секуловска, Лирим Амити, Наталија Михајлоска, Билјана Чочовска, Весна Пауновска Петроска, Билјана Јанеска, Валон Омери и Горан Дамевски. .

- Во однос на сертификацијата на внатрешните ревизори се разви дискусија дека покрај меѓународно признат сертификат Овластен Внатрешен Ревизор (CIA – Certified Internal Auditor) чијшто ЗВРРСМ е главен промотер, се истакна дека има и нови сертификати како ESG и други нови 9 сертификати за коишто беше истакнато дека е потребно ЗВРРСМ да ги промовира преку организирање настани за промоција на сертификатите.
  Заменик претседателот Горан Дамевски истакна дека исто така треба да се обрне внимание и да се признаат, да се истакнат и препознаат лицата кои имаат сертификат CIPFA. Да се види кои и колку се овие лица и да се признаат од страна на ЗВРРСМ.

- Во врска со обуките – претседателот информираше дека ЗВРРСМ одржа 46 часа обука во текот на 2023 година и беа изнесени сите одржани обуки.

- Активности и обуки во 2023год. Претседателот детално ги наведе сите одржани обуки и информираше за соработката со ИОРРСМ. Истакнато беше дека одлична оцена и особено позитивна реакција имаше за одржаната меѓународна конференција "Зад кормилото на ревизијата" (Steering the Audit Wheel) која се одржа во соработка со Институтот на овластени ревизори на РС Македонија 27 и 28.09.2023 во Охрид.

- Билјана Секуловска информираше и за успешноста на реализираниот прв меѓународен состанок од регионален карактер на Здруженијата од југоисточна Европа - CEE Средбата "Creating Unbreakable bonds" која се одржа во Охрид и на која домаќин и иницијатор за продолжување на оваа традиција за овој настан беше ЗВРРСМ. Се разменија искуства и се дискутираше на најактуелните теми од внатрешната ревизија. ЗВРРСМ понуди можност за бесплатна котизација на конференцијата која се одржуваше веднаш после CEE настанот за по двајца членови од УО од секоја земја кои беа присутни на CEE средбата. Идејата беше прифатена со отворени раце и понатаму стана на некој начин традиција да се канат по двајца членови од секоја земја на конференциите што покажа искуството после конференцијата. Следен CEE состанок и домаќин ќе биде Р.Словенија во мај 2024 година.

- Бројот на членови во ЗВРРСМ во 2023 година изнесува 180 членови. Бројот на членови се одржува константно и сите напори на Управниот Одбор се во насока на развивање на мрежата на членство. Повеќе од членството се од приватен сектор како што е осигурителна дејност, приватни компании кои котираат на Берза, додека најмалку има од државен сектор но сепак од државниот сектор има интерес за присуство на обуките.

- Во однос на законската регулатива истакнати беа измените во локалната и меѓународната регулатива.

  Меѓународно има измени во станадардите за внатрешна ревизија. Прилагодувањето е до 2025 година. Кога ќе се објават ЗВРРСМ ќе се потруди да ги промовира, извести и да ги преведе стандардите.

  Локално има измени во Предлог Законот за Супервизија на осигурување - каде што предлогот е за проширување на дефиницијата за овластен ревизор, покрај лиценцата за овластен ревизор на ИОРРМ да се прифати и лиценцата CIA и на други меѓународни организации за ревизија. Исто така во овој предлог Закон е пропишано сите внатрешни ревизори кои што работат во осигурувањето да бидат членови на ЗВРРСМ за обезбедување часови за континуирана обука, што е секако за поздрав и претставува огромна важност за вредноста на ЗВРРСМ и нејзината улога во развивање и унапредување на внатрешната ревизија во нашата земја и во регионот. Претседателката Билјана Секуловска истакна особена благодарност до членот на ЗВРССМ Наташа Ристовски за нејзиниот придонес во предлог измените на овој Закон.

  Истаканата беше потребата за оваа измена да се контактираат и регулаторите од НБРСМ за воведување на измената во Законот за банките.

- Билјана Секуловска информираше дека ЗВРСМ во 2023 година учествуваше и во очекување на одговор сме за повикот за оперативен грант за Проектот СМАРТ Балкан, кој е финансиран од Министерството за надворешни работи од Кралството Норвешка и импллементиран од конзорциум на останати граѓански организации. Целта на СМАРТ Балкан е да придонесе во зајакнување на партиципативните демократии и евроатланските интеграции на Западен Балкан преку зајакнување и потикнување на граѓанските организации и мрежите на граѓанските организации за посилна и поактивна улога во процесот на создавање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој на Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.
- Истанато беше дека со своето работење ЗВРРСМ го исполни планот на активности за 2023 година.

Извештајот беше едногласно изгласан и усвоен.

**5. Предлог буџет (финансиски план) за 2024 година**

Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, го презентираше предлог Буџетот за 2024година. Детално беа образложени и дискутирани сите точки од Буџетот.

Во однос на приходите образложено беше следното:

- Приходи од членарини, планот е да имаме 200 члена односно планиран е пораст за 20 члена кои треба да ги придобиеме.
- Приходите од конференција се планирани исто како за претходната година,
- Приходите од обуки се планирани 7 обуки и 1 со ИОРРСМ во просек 20 лица по 3500 денари.

Во однос на образложенијата за трошоците, образложени беа следните ставки:

- Администратор 15000 денари плус ДДВ;
- Кирија 3000 денари во просториите на ИОРРСМ;
- Конференција – од претходната конференција;
- За превод на стандардите планирани се 132 стр по 6 еур страна;
- За обуки планирано е за предавачи по 50 еур / час освен некои поскапи предавачи зависно од потребата.
- Трошоци за патувања вкучуваат патни трошоци за задолжителните посети на IIA Global, ECEIA, CEE meeting и сл.) како и присуство на конференциите (Грција, Црна Гора, Турција и сл.)
- На предлог на членот Наташа Ристовски предложено беше да се додаде присуство и за конференцијата за 2024 год. за CIPFA во Словенија. Исто така, беше истакнато да се интензивира соработката преку склучување Меморандум за заеднички настани и и соработка со CIPFA.
- Веб сајт – Имаше предлог од членот на УО Ваљон Омери да се разгледа и да се активира можноста за пристап на веб страната до материјалите од обуките за членовите на ЗВРРСМ.
- Во однос на трошоците за подигнување на свесноста за професијата (audit awareness), Билјана Секуловска даде предлог после Собранието во мај 2024 година, да се организира настан за промоција на сертификатите и да се организира коктел.

- Трошоци за маркетинг се 5.000 денари месечно.
- Печатарски трошоци се намалени дека сертификатите се праќаат електонски наместо во хартиена форма.

Предлог Буџетот за 2024 година беше едногласно изгласан и усвоен.

**6. Тригодишен план на активности на ЗВРСМ за период 2024-2026**

Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, го детално го презентираше Планот на Активности.
Во однос на точката за активности за зајакнување на профилот на Здружението во Македонија и во регионот и зајакнување на соработката со другите институции во регионот:

- Од страна на членовите Наташа Ристовски и Горан Дамевски истакнат беше предлогот за воведување на соработка со CIPFA;
- Од страна на членот Весна Пауновска имаше предлог за остварување контакт со Институт од Шведска за зајакнување и поттикнување на соработката со јавниот сектор. Овој предлог доаѓа од искуството што го има IIA Albania со соработката за шведскиот институт и истото било истакнато како позитивно искуство на конференцијата во Р.Албанија.

Едногласно беше усвоен Планот на активности со заклучок за додавање на соработката со CIPFA и останатите предлози.

**6. Разно**

- Истакната беше потребата за ажурирање на емаил адресите за пристап на членовите до страната на IIA Global и
- Еден од членовите истакна дека нема добиено емаил од ЗВРРСМ за последните настани. Истакната беше потребата за проверка на емаил адресите до кои стигаат поканите до членовите на ЗВРРСМ.

Бидејќи беа исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата.

Претседавач на Собранието:

Билјана Секуловска Biljana Sekulovska Digitally signed by Biljana Sekulovska Date: 2024.12.13 15:06:48 +01'00' ____________________

21.12.2023 Скопје